Александра Ќурчиевска, професор по одделенска настава

| Седмица 18<br>Датум: | | | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Денови во седмицата | | Одделение: I | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br>10 мин. | Почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, на пр. денови, недели.<br><br>Ги подредува деновите во неделата и други познати настани. | Ги знам деновите во неделата<br><br><br><br><br>Можам да ги подредам деновите во неделата<br><br><br><br>Знам дека деновите се единици за време | Од учениците барам да ги подредат и кажат по ред деновите од неделата. Водиме разговор за тоа дека времето постојано тече, не стои. Од учениците барам да погодуваат кој ден е пред или по некој определен ден (пр. кој ден е пред, а кој по сабота), а потоа да погодуваат за кој ден се работи, пр: Филип отиде на лекар во четвртокот и мораше повторно да се врати на контрола по 5 дена. Кој ден тој ќе дојде на контрола?<br>Учениците се поделени во 3 групи. 1 група добива задача да нацрта воз со вагони колку што има денови во седмицата и да ги напише на секој вагон. 2 група има задача да нацрта кои ужинки ќе ги изеде во текот на една седмица. 3 група има задача да нацрта активности што ги прават во секој ден од седмицата. | З/И<br><br>З<br><br><br>З/И<br><br>И/Г<br><br><br>И | Календар<br>Хартија<br>Моливи<br>Дрвени боички<br>Учебник | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Споредување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | | | Ден, недела, денови во неделата: понеделник, вторник, среда, четврток, петок, сабота, недела. | |

obrazovanie.literatura.mk

| **Седмица 18**<br>**Датум:** | | | **Тема: Мерење и решавање проблеми**<br>**Наставна единица: Месеци во година** | | **Одделение: I** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br>10 мин. | Почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, на пр. минути, часови, денови, недели, месеци и години.<br><br>Именува месеци во годината.<br><br>Ги организира стекнатите знаења и податоци. | Можам да ги употребувам единиците за време.<br><br><br><br><br><br><br>Знам да ги именувам месеците од годината.<br><br>Умеам редоследно да ги набројам месеците. | Предизвик: Јане точно навреме треба да стигне кај Јана на роденден. Васе треба по два дена да оди во Скопје. Лука треба да пресмета колку време има до крајот на годината. Прашање: како секој од нив ќе го измери времето?<br>Се развива дискусија (бура на идеи) со можни варијанти за пресметување на времето.<br>Вадам 12 столчиња и од учениците барам секој да си замисли еден месец во годината. По случаен избор именувам ученици. Секој си го кажува месецот и си зазема едно столче. Ако ученикот каже месец кој веќе е кажан, останува на своето место. Заедно ги именуваме месеците во годината, подредувајќи ги по временски карактеристики (пролет, лето, есен, зима).<br>Во група: формирам три групи. Секоја група добива карти на кои се напишани имињата на месеците. Треба редоследно да ги наредат и презентираат. Ако задачата е точно решена, на секој месец треба да го напишат бројот на месецот. | З/И<br><br><br><br><br><br><br>З/И<br><br><br><br><br>Г | Табла<br>Столчиња<br>Карти со месеци во годината<br>Прибор | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување<br>Практична работа |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| Мотивирање со предизвик на часот (МР), формирање на групи по масички (хетерогени).<br>Фронтална, групна, индивидуална метода. | | | Постапи по барањата во учебникот 10/3. Нека ти помогнат родителите. | | Секунди, минути, час, ден, седмица, месец, година, јануари, февруари, ... декември. | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 18<br>Датум: | | | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Месеци и година | | Одделение: I | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Распоред (делови од часот)** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10 мин.<br><br>20 мин.<br><br>10 мин. | Почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, на пр. минути, часови, денови, недели, месеци и години.<br><br>Ги подредува деновите во неделата и други познати настани.<br><br>Избира и користи соодветни стратегии за пресметување и ја објаснува постапката. | Можам да ги одредам единиците за време, час, минута, денови, недели, месеци и година.<br><br>Знам да ги одредам деновите во неделата.<br><br>Умеам да ги пресметувам часовите, минутите и истите да ги објаснам постапно. | Повторување/потсетување: Како го мериме времето? Разговор со учениците за време, час, минута, денови, недели, месеци и година. Учениците се седнати во полукруг, а наставникот им го читат текстот Девојчето и 12-те месеци. Учениците ја слушаат содржината од текстот и ја анализираат, т.е. објаснуваат што се заклучува: дека 12-те месеци ја претставуваат годината. Од учениците барам да ги кажат месеците од годината по ред. Потоа се делат во три групи: 1-ва група ја црта содржината со фломастери, 2-ра група ја црта содржината на приказната со боички и 3-та црта со молив. Одговорниот од групата ги објаснува насликаните творби и се бара најубавата творба. | З<br><br>И/З<br><br>Г<br><br>И | Часовници: ѕиден, дигитален.<br>Календар<br>Тетратка<br>Прибор за пишување<br>Наставно ливче | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| **Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите)** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | **Клучна терминологија** | |
| | | | Да си го насликаат месецот во кој се родени. | | Ден, недела, месец, година, денови во неделата: понеделник, вторник, ..., час, часот, ѕиден часовник, рачен часовник. | |

obrazovanie.literatura.mk

| Седмица 18<br>Датум: | | | Тема: Мерење и решавање проблеми<br>Наставна единица: Вежби - денови во седмицата | | Одделение: I | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности | | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнување |
| | | | Опис | Организациони форми | | |
| 10 мин.<br><br><br><br><br><br>20 мин.<br><br><br><br><br><br>10 мин. | Почнува да разбира и да употребува одредени единици за време, на пр. денови, недели.<br><br>Ги подредува деновите во неделата и други познати настани. | Ги знам деновите во неделата<br><br><br><br><br><br>Можам да ги подредам деновите во неделата<br><br><br><br><br>Знам дека деновите се единици за време. | Најпрво ја проверувам домашната работа од претходниот час и повторуваме.<br>Неколку ученици ги повторуваат деновите во неделата. Потоа ги делам во три групи. Првата група треба да определи кој ден доаѓа после секој втор ден, на пр. понеделник, по 2 дена кој ден доаѓа? Втората група треба да изброи колку денови има во две седмици почнувајќи од понеделник. Третата група треба да ги каже деновите броеќи наназад почнувајќи од недела.<br>На крајот од часот работат во учебникот на стр. 24 втор дел. | З<br><br><br>Г<br><br><br><br><br>И | Учебник | Прашање/одговор<br>Дискусија<br>Набљудување |
| Организација: Детали за поделба по улоги / групи / возраст (поврзано со активностите) | | | Забелешки / можности за проширување / домашна работа | | Клучна терминологија | |
| | | | Да нацртаа во секој ден од седмицата што јадат за ручек. | | | |

obrazovanie.literatura.mk